# ANALYSIS OF THE TEXTBOOK FOR THE TURKISH LANGUAGE FOR THE FIRST GRADE FROM THE ASPECT OF REVISED COMPETENCIES

**Ümit Süleymani**
"Gotse Delchev" University, Department of Turkish Language and Literature, Stip, North Macedonia
umit_suleyman@hotmail.com

**Abstract:** The textbook for the mother tongue language for the first grade is an essential pedagogical tool aimed at stimulating the development of communicative skills in students at the initial stages of their education. Dedicated to activities that enhance the ability to read, write, and understand language in various contexts, the textbook serves as a foundation for building linguistic literacy. One of the key elements of the textbook is its focus on literature and media literacy. This component enables students to develop their skills in critical analysis and interpretation of various types of texts. Through this, students are introduced to different aspects of standardized language, including grammatical and orthographic rules, which are important for their academic development and language literacy. The textbook is also designed to be appealing and age-appropriate for the students, ensuring engagement and interest in the learning process. This characteristic is crucial in supporting active student participation, contributing to their overall academic and personal development. Through this approach, the textbook not only provides knowledge and skills in language but also prepares students for effective interpersonal communication and understanding of the broader world around them.
**Keywords:** Textbook, mother tongue, first grade, competencies.

# АНАЛИЗА НА УЧЕБНИКОТ ПО ТУРСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ОД АСПЕКТ НА РЕВИДИРАНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ

**Ümit Süleymani**
Универзитет „Гоце Делчев“, Одделение за Турски јазик и литература, Штип, Северна Македонија
umit_suleyman@hotmail.com

**Резиме:**Учебникот по мајчин јазик за прво одделение е суштествен педагошки инструмент наменет за стимулирање на развојот на комуникациски вештини кај учениците на почетните фази на нивното образование. Посветен на активности кои ја засилуваат способноста за читање, пишување и разбирање на јазикот во различни контексти, учебникот служи како основа за изградба на лингвистичка писменост. Еден од клучните елементи на учебникот е неговата фокусираност на литературата и медиумската писменост. Оваа компонента овозможува на учениците да ги развиваат нивните вештини за критичка анализа и интерпретација на различни видови на текстови. Преку ова, учениците се воведуваат во различните аспекти на стандардизираниот јазик, вклучувајќи ги и граматичките и правописните правила, што е важно за нивната академска развој и јазична писменост. Учебникот е исто така дизајниран да биде привлечен и соодветен за возраста на учениците, што обезбедува ангажираност и интерес во учебниот процес. Оваа карактеристика е клучна за поддршка на активното учество на учениците, придонесувајќи кон нивниот целосен академски и личен развој. Посредством овој пристап, учебникот не само што нуди знаење и вештини во јазикот, туку исто така ги подготвува учениците за ефективно меѓуличностно комуницирање и разбирање на поширокиот свет кој ги опкружува.
**Клучни зборови:** Учебник, мајчин јазик, прво одделение, компетенции.

## 1. ВОВЕД

Учењето претставува процес преку кој учениците стекнуваат знаења, вештини, но и ставови и однесувања. Процесот на учењето подразбира и промени кај учениците обезбедени преку интеграција на новите придобивки (знаења, вештини и ставови) во постојните когнитивни и бихејвиорални структури (UNESCO, 2010, s. 8). Истражувањата во светот го посочуваат квалитетот на учебниците како клучен услов за обезбедување квалитетно образование. Учебниците се квалитетни доколку, меѓу другото, го обезбедуваат и го поддржуваат процесот на воспоставување на родовата еднаквост, интеркултурализам и инклузија. Овој процес подразбира искоренување на традиционалното учење базирано на меморирање на факти и податоци, искоренување на дискриминацијата, промовирање на родовата еднаквост како клучен аспект на социјалната правда, на интеркултурализмот како и на на инклузивноста и општествената кохезија. Оттука, главна улога

на учебникот по мајчин јазик, и воопшто на сите учебници, е на дидактички начин да ги класифицира наставните и научните содржини, во согласност со педагошките барања и воспитно-образовната функција на училиштето.

Учебникот по мајчин јазик му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаење и да го поттикне развивањето на способностите: во когнитивното подрачје (од разбирање, примена на знаењето, анализа, синтеза до вреднување), во афективното подрачје (од развивање на способностите за прифаќање и заземање за вредности до формирање на ставови) и во психомоторното подрачје (од поттикнување на ученикот со осмислени активности да усвојува манипулативни вештини до самостојно вреднување на практичната работа). Според Сагирли, денес на земјите им требаат добро опремени поединци со индивидуални и социјални компетенции за нивниот развој, развој и иднина (Muhittin SAĞIRLI, 2022).

## 2. УЧЕБНИК ПО ТУРСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Мејдан, разновидноста на типовите текстови кои се користат во учебниците за мајчин јазик му помага на ученикот да препознае различни типови текстови и да ги стекне вештините и однесувањата во програмата преку овие типови (Meydan, Emrah, 2021). Вреднувањето на учебниците по мајчин јазик за прво одделение е критично за обезбедување на квалитетно образование. Тоа овозможува да се провери дали содржината е соодветна за возраста на учениците, дали ги поддржува основните јазични вештини, и дали е во согласност со наставните планови и стандарди. Квалитетните учебници поттикнуваат интерес и мотивација кај учениците и обезбедуваат цврста основа за натамошно учење. Вреднувањето исто така гарантира дека учебниците се културно соодветни и дека ги засилуваат јазичните и културните вредности на учениците.

Вреднувањето на учебникот по турски јазик за прво одделение е извршено врз основа на критериумите што треба да ги содржи секој учебник. Согласно Законот за учебници за основно и за средно образование вреднувањето го има извршено рецензентска комисија врз основа на своите стручни компетенции, како и врз основа на индикаторите произлезени од општите критериуми за изработка на учебник.

Бирото за развој на образованието подготви прашалник за вреднување на учебниците развиен во четри одделни делови (согласно критериумите за изработка на учебник):

- првиот дел се однесува на вреднувањето на учебникот во однос на усогласеноста на ракописот со наставната програма;
- вториот дел е за придржувањето кон современите достигања на определената научна област и употребата на стручна терминологија во учебникот,
- третиот е за усогласеноста на ракописот со возраста на учениците,
- четвртиот на воспитната функција на ракописот.

Секој член на рецензентската комисија ги оценува ракописите независно , и дава оценка за секој наведен индикатор на скалата од 1 до 3, при што 1 претставува неисполнет индикатор, 2 делумно исполнет, а 3 дека иникаторот е целосно запазен во учебникот (Концепција за учебници, 2010).

Членови на рецензентската комисија се:

1. Проф. д-р Махмут Челик
2. Тулај Адеми
3. Муалла Мифтар

## 3. УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Врз основа на компетенциите на наставните програми по мајчин јазик за прво одделение, во учебникот по Турски јазик за 1 одделение од авторите: Доц. Др. Осман Емин и Мр. Вилдан Даутовска имаат развиени содржини од сите програмски подрачја:

1. Слушање и зборување
2. Почетно читање и пишување
3. Литература, изразување и творење
4. Медиумска писменост и медиумска култура

Учебникот има 150 страни со содржини и предложени активности кои ги покрива 70 часа од подрачјето *слушање и зборување*, 50 часа *почетно читање и пишување*, 50 часа *литература, изразување и творење* и 10 часа *медиумска писменост и медиумска култура*. (Наставна програма по мајчин јазик за I одделение, 2021)

Преку наведените содржини, активности и илустрации, учебникот ги опфаќа и обработува сите поими кои произлегуваат од содржините во наставната програма по мајчин јазик за прво одделение.

Програмското подрачје слушање и зборување во учебникот опфаќа содржини и поими од страна 9 до страна 54, каде со определени симболи авторите го насочуваат ученикот кон размислување, разговор, слушање,

раскажување, пишувањеи сл. и нуди различни форми на активности преку кои учениците ќе ги поттикнува критички да размислуваат и да доаѓаат до соодветни сознанија и заклучоци.

Програмското подрачје почетно пишување во учебникот опфаќа активности од страна 55 до страна 112, кои активности се проследени со соодветни илустрации со разиграни бои привлечни за возраста на учениците (Emin, Osman; Dautovska, Vildan, 2022).

Програмското подрачје литература, изразување и творење, медиумска писменост и медиумска култура во учебникот завзема место од страна 115 до страна 150, каде во поголем дел се претставени содржини од автори од Р. Турција и Р. С. Македонија.

## 4. ПРИДРЖУВАЊЕ КОН СОВРЕМЕНИТЕ ДОСТИГАЊА НА ОПРЕДЕЛЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈАТА

Современото образование ги дефинира клучните компетенции кои треба да ги стекнат учениците. Во таа смисла, учебникот по Турски јазик за 1 одделение треба да ги опфаќа сите компоненти на комуникација на мајчин јазик (способност за изразување на мисли,чувства, факти, усно и писмено, лингвистичка интеракција во социјален и културен контекст). Во учебникот треба да бидат опфатени содржи и информации за проширување на интересите и знаењата на учениците, кои за пократко време побрзо и полесно ќе можат да усвојуваат знаења (Концепција за учебници, 2010).

Илустрациите и текстовите треба да се во корелација со содржините во наставната програма и со поимите кои се обработуваат.

Примери на активности и вежби за проверка на усвоените знаења, брзо меморирање, слични и рутински се повторуваат и се основните алатки на бихејвиоралниот пристап. Практиката и активноста се различни. Активностите ги развиваат јазичните и менталните вештини на учениците, се надополнуваат за разлика од вежбите, им овозможуваат на учениците да преземат активна улога и да комуницираат едни со други (Çevik A. & Güneş F., 2017).

Во активностите засновани на конструктивистички пристап; Може да се стави акцент на „разбирање на содржината и логиката на текстот, донесување заклучоци, откривање врски, создавање внатрешни и надворешни врски, наоѓање наслов, преиспитување на информациите во текстот, решавање проблеми, поврзување со секојдневниот живот“. Пронаоѓањето на информациите во текстот и дефинирањето на истите се активности на (Çevik A. & Güneş F., 2017). Според конструктивистичкиот пристап, учениците треба да бидат активни во процесот на учење. Учениците не можат да станат активни само со вежбање, треба да се соочат со проблеми од реалниот живот кои можат да ги подобрат нивните знаења и вештини и да им овозможат да бидат активни во сите аспекти. Процесот на учење-настава, треба да се организира земајќи ги предвид овие аспекти.

## 5. ПОВРЗАНОСТА НА УЧЕБНИКОТ СО КОМПЕТЕНЦИИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СТЕКНЕ УЧЕНИКОТ ПО МАЈЧИН ЈАЗИК ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

За да може ученикот да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, во учебникот кај подрачјето слушање и зборување, има обработка на песна „Моето Училиште“, чии активности се оставени на изборот и креативноста на наставникот. Потоа следат активности за разговор на темите: „Еден ден поминат во училиште“, запознавање и претставување, опишување „Кој сум јас“, активности за разговор околу темата „Што све гледаме на патот кон училиштето училиште“, “Како треба да го држиме моливот?“, „ Моето училиште “, „Мојата училница“ , „Училиштен прибор“ „Убаво однесување“ (Emin, Osman; Dautovska, Vildan, 2022) и сл. Преку кои активности ученикот се оспособува да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, какои да да слуша активно и соодветно да реагира.

Активностите се интересни и соодветни за возраста на децата со што им се овозможува да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување, и со тоа да сватат дека со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата). Тоа во учебникот исто така им е овозможено преку активностите од типот: здрава храна, заштита на животната средина, прослави и родендени, моите најсакани игри, активности за боење, опишување на фотографија и сл.

Преку активностите за давање завршеток на настан или менување на наслов, приказните на Ла Фонтен и Езоп, Доцртување Боење, Читам зборови, Другарство, Мојот дом и моето семејство, Во градот, Разговор за чувствата (Emin, Osman; Dautovska, Vildan, 2022) и останатите едукативни текстови, ученикот има можност да си постави цели за учење и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон

нивно остварување преку користење на сопствените искуства за да го прилагоди сопственото однесување во иднина, како и да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина).
После страна 55 предтсавени се активности за почетно читање и пишување преку кои активности учениците имаат можност да ги идентификуваат основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици, да ги разбира содржините на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови со што му се овозможува да се стекне со вредностите за содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата (Наставна програма по мајчин јазик за I одделение, 2021)
Активностите за почетно пишување им овозможуваат на учениците да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите и да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. Активностите за почетно пишување се особено важни во контекстот на образованието, бидејќи тие го поттикнуваат соработувањето меѓу учениците и ги подготвуваат за заедничко остварување на цели. Во студија објавена од Neomy Storch во 2019 година, се истакнува дека колаборативното пишување овозможува на учениците да ги споделат своите гледишта и потреби, да разгледаат различни можности, и да предвидуваат последици со цел да донесуваат рационални одлуки. Оваа активност е особено корисна во современиот образовен контекст каде што соработката и комуникацијата се клучни вештини за успех (Storch, Neomy, 2019).
Од страна 115 во подрачјата литература, изразување и творење медиумска писменост и медиумска култура кои се основа за градење јазична култура, дадени се обработка на песни и текстови за почетно читање и пишување проследени со активности преку кои учениците ќе можат да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови и да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации, да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува (Наставна програма по мајчин јазик за I одделение, 2021). Содржините во учебникот имаат логична заснованост според современиот развој на науката за изучување на одделниот јазик.
Преку активностите од текстовите на националните турски јунаци Хаџиват и Карагоз, Насретин хоџа, како и преку басните на Ла фонтен и Езоп учениците ќе успеат да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.), да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација, да препознава манифестација на вербално и физичко насилство (Наставна програма по мајчин јазик за I одделение, 2021).

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Резултатите за учење, произлегуваат од стандардите за оценување, се витални во процесот на образование. Тие се составен дел од секојдневните активности и евалуацијата во учебниците, интегрирани во наставните часови. Овие резултати овозможуваат на наставниците да ги вреднуваат знаењата и способностите на учениците, истовремено поттикнувајќи континуиран развој и учење. Практичната примена на оценувањето во секојдневните наставни активности овозможува поефикасно усвојување на знаењата и вештините потребни за нивниот личен развој.
Формативното следење на постигањата на учениците во учебникот се реализира со користењена соодветни методи и постапки:·

- Набљудување
- Структурни дискусии·
- Усни одговори на прашања
- Изработени проекти и усни презентации
- Евидентни и чек листи
- Самооценување на учениците
- Меѓусебно оценување на учениците
- Развојно портфолио - собирање на показатели (детски кзработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Според учебникот по Турски јазик за прво одделение, во наставата по мајчин јазик се оценува главно две категории, кои произлегуваат од стандардите во мајчиниот јазик и тоа:

1. **Категорија: Знаење**
2. **Катеогорија: Вештини и способности**

Првата категорија се однесува на степенот на усвојување на лексичките едници, граматичките структури и комуникативните модели во рамките на предвидените теми и содржини.

Во втората категорија ќе се врши проверка на функционалните способности научениците преку компонентите: Слушање со разбирање, читање, пишување, зборување (рецептивни, репродуктивни и продуктивни вештини).

**7. ЗАКЛУЧОК**

Учебникот за прво одделение „Туркче 1“ од авторите Доц. Др. Осман Емин и Мр. Вилдан Даутовска одобрена од МОН и објавена во 2022 год. е усогласен со возраста на учениците и се внимава на интелектуалните способности кои се потребни за учење и усвојување на содржините. Учебникот им овозможи на учениците самообразование и создавање навики за трајно знаење, преку начинот на избор на темите, нивната содржина и редоследот на изнесување на информациите со што се овозможува надградба на знаењата.

Содржините, нивниот обем, начинот на систематизирање и продлабочување, е во развојните можности на учениците.

Во учебникот има соодветни визуелни прилози: слики, детски цртежи, шеми, фотографии, графикони и илустрации коишто го следат текстот и се учифицирани со останатите учебници по мајчин јазик за прво одделение одобрени од МОН и БРО.

Соодветниот избор на содржините има влијание врз збогатување на речникот на учениците. Користени се и помалку вообичаени изрази: гатанки брзозборки, поговорки, крстозбори, игри и сл.

Учебникот помага во изразувањето на лични ставови, критичко мислење и вештини за писмено и усно изразување.

Во учебникот има содржини кои даваат основа да се спознаат другите, правилата на однесување и човековите права, развивањето интерес и почит кон културата и традицијата, својата и на останатите.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Çevik A. & Güneş F. (2017). Türkçe Ders Kitaplarındaki Etkinliklerin İncelenmesi. Ana Dili Eğitimi Dergisi , V(2), 50. doi:10.16916/aded.288848

Emin, Osman; Dautovska, Vildan. (2022). Türkçe Birinci Sınıf 1 (Том 1). Üsküp: K. Makedonya Milli Eğitim Bakanlığı.

Meydan, Emrah. (2021, Ekim 21). ORTAOKUL (5, 6, 7, 8) TÜRKÇE DERS KİTAPLARINDAKİ EDEBİ METİNLERİN DEĞERLER EĞİTİMİ AÇISINDAN YETERLİLİĞİ ÜZERİNE BİR İNCELEME (Том IV). İstanbul: ULUSLARARASI TÜRK DÜNYASI ARAŞTIRMALARI DERGİSİ. Повратено од https://dergipark.org.tr/en/download/article-file/2008581

Muhittin SAĞIRLI. (2022, Ekim 31). Yazmaya Hazırlık, Yazma ve Yazı Biçimine İlişkin Birinci Sınıf Yazma Temel Dil Becerisi Kazanımlarının Türkçe Dersi Öğretim Programında (2019) Yer Alan Açıklama ve Örnekler ile Yeterlilik Düzeyinden Değerlendirilmesi. Iğdır Üniversitesi Sosyal Bilimler Dergisi, XI(31), 370. Повратено од https://dergipark.org.tr/en/download/article-file/2489961

Storch, Neomy. (2019, Januar). Collaborative Writing. Cambridge University Press, 52(1), 42. doi:10.1017/S0261444818000320

UNESCO. (2010). Guidelines fortextbook reviewandanalysis from a gender perspective. Paris/Braunschweig : United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization 7, Place de Fontenoy, F-75352 Paris 07 SP .

Концепција за учебници. (2010). Концепција за Основно Образование. Скопје: Р.С.Македонија Министерсто за образование и наука.

Министерсто за образование и наука. (2021). Концепција за Основно Образование. Скопје: Р.С.Македонија Министерсто за образование и наука. Retrieved from https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf 06 Јануари 2022

МОН-БРО. (2021). Концепција за основно образование. Скопје: БРО-МОН.

Наставна програма по мајчин јазик за I одделение. (2021). Скопје: Биро за развој на образование. Повратено од https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%9D%D0%9F-M%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%98%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D0%BA-I-%D0%BE%D0%B4%D0%B4.pdf